Врз основа на член 39 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002год.) и член 33 од Деловникот на Советот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 2/06), Претседателот на Советот на Општина Свети Николе на ден 27. 08. 2019 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на триесет и осмата редовна седница на**
**Советот на Општина Свети Николе**

Триесет и осмата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе ќе се одржи на ден 05.09.2019 година ( четврток) со почеток во 15:00 часот во малата сала на Општина Свети Николе.

За седницата го предлагам следниот

**Д н е в е н р е д**

-Усвојување на Записник од триесет и седмата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 19.08. 2019 година;

**Точка 1**
Барање за добивање согласност за помал број на ученици во една паралелка за 2019/2020 година во ООУ „Даме Груев„ с. Ерџелија;

**Точка 2**
Барање за формирање на чисти паралелки со помалку од 20 ученици и формирање на комбинирани паралелки за учебната 2019/2020 година во ООУ „Гоце Делчев„ Свети Николе;

**Точка 3**
Барање за согласност за формирање на паралелки со број на ученици помал од 20 за учебната 2019/2020 година во ООУ „Кирил и Методиј„ Свети Николе;

**Точка 4**
Барање согласност за паралелки од прва до четврта година со помал број на ученици во учебната 2019/2020 година во СОУ „Кочо Рацин„Свети Николе;

**Точка 5**
Предлог – Одлука за ослободување од закупнина;

**Точка 6**

Предлог – Решение за разрешување на член од Училишниот Одбор во ООУ „Кирил и Методиј„ Свети Николе претставик од основачот;

**Точка 7**

Предлог – Решение за разрешување на член од Училишниот Одбор во ООУ „Гоце Делчев„ Свети Николе претставик од основачот;

**Точка 8**

Предлог – Решение за разрешување на член од Училишниот Одбор во ООУ ,,Даме Груев,, с. Ерџелија претставик од основачот;

**Точка 9**

Предлог – Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Свети Николе за 2019 година;

**Точка 10**

Годишен План за вработување за 2020 година на СОУ ,,Кочо Рацин,,Свети Николе;

**Точка 11**

Барање од Секторот за урбанизам за КП бр.501/1 КО Горобинци;

**Бр. 0801- 557**
**27.08. 2019 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Кире Алексов**

______________